# ПЕСНА
*на*
# ПОБЕДАТА

Составена од Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче

Коментирана од Кенпо Содаргје



# ПЕСНА НА ПОБЕДАТА

## ПРЕКРАСНИОТ ЗВУК НА НЕБЕСНИОТ ТАПАН

Составена од Н.С. Џигме Пунтсок Ринпоче

Коментирана од Кенпо Содаргје

2024 година

Малкумина би можеле во еден животен век да ги совладаат сите осумдесет и четири илјади учења на Буда. Затоа, треба да ги цениме и да се обидеме да го сфатиме длабокото значење на овие прекрасни, директни инструкции засновани на праксата и реализацијата на Неговата Светост, а во кои се сумирани сите учења на Буда.

- Кенпо Содаргје



Неговата Светост Цигме Пунтсок Ринпоче

# Содржина


**Основен текст** 1

**Коментар** 7

Важноста на Текстот 8

Позадина на Текстот 12

Отварање 15

Наслов . . . . . 15

Оддавање почит . . . . . 18

Главен текст 26

Поттикнување за практикување на Ваџрајана . . . . . 26

Поттикнување да се разбуди умот на Бодичита . . . . . 35

Поттикнување да се разбуди Умот на Откажување . . . . . 45

Поттикнување за развој на виртуозна личност . . . . . 52

Затварање 61

Посвета . . . . . 61

Колофон . . . . . 63

# Песна на Победата

## Прекрасниот Звук на Небесниот Тапан

## (Основен текст)

**Составена од Н.С. Џигме Пунтсок Ринпоче[1]**

1 Основниот текст на *Песна на Победата* е преведен на македонски јазик од англиската верзија на Кенпо Содаргје.

# Основен текст

## 1. ОТВАРАЊЕ

### 1.1. Наслов

Песна на Победата: Прекрасниот звук на Небесниот Тапан

### 1.2. Оддавање почит

Олицетворение на мудроста на сите буди, заштитници на сите чувствителни битија,
Преподобен Манџушри, кој се појавуваш како младо момче,
Остани засекогаш на прашниците на лотосовиот цвет со осум латици, во центарот на нашите срца,
Благослови нè, за нашите зборови да бидат од корист за сите чувствителни битија.

## 2. ГЛАВЕН ТЕКСТ

### 2.1. Поттикнување за практикување на Ваџрајана

#### 2.1.1. Заслуга од практикување на врвната Ваџрајана

Големо Совршенство, длабоко и прозрачно,

Штом ги слушнеме твоите стихови, се кинат корените на самсара,

и преку шестмесечно практикување на твојата суштина, постигнуваме ослободување,

Нека сите го врежеме ова во нашите срца.

### 2.1.2. Услови за практикување на Ваџрајана

Оние кои се среќаваат со вакво врвно Учење

како резултат на огромните заслуги, акумулирани за време на претходните животи,

во текот на безбројните еони и

кои ги имаат истите услови за постигнување на просветлување како и Буда Самантабадра,

Дарма пријатели, нека сите се радуваме!

## 2.2. Поттикнување да се разбуди умот на Бодичита

### 2.2.1. Причини за будење на Бодичита

За доброто на сите чувствителни битија потопени во страшниот океан на самсара,

За да им помогнеме да ја достигнат вечната среќа и менталната состојба на Буда,

Треба да превземеме одговорност и да им бидеме од корист на другите,
отфрлајќи го отровот од приврзаноста кон сами себе.

### 2.2.2. Заслуги од будење на Бодичита

Ова учење ја блокира портата кон долните димензии,
Овозможува да се постигне среќата на повисоките димензии,
И конечно, нѐ доведува до целосно ослободување од самсара.
Затоа, треба да го практикуваме ова суштинско учење без воопшто да бидеме расеани.

## 2.3. Поттикнување да се разбуди Умот на Откажување

### 2.3.1. Заслуга од почитување на правилата

Да не ни помислувате да посакате желба
при сите видови големи настани во самсара,
Да ги почитувате чистите заповеди, величествениот украс на светот,
На кои луѓето и боговите им принесуваат врвни дарови.

### 2.3.2. Вина од кршење на правилата

Бидејќи сета привремена и крајна среќа
е резултат на почитување на чистите заповеди,

а кршењето на правилата доведува до раѓање во долните димензии,
Вие мора да го направите вистинскиот избор и да не паднете во конфузија.

## 2.4. Поттикнување за развој на виртуозна личност

### 2.4.1. Причини за развој на виртуозна личност

Секогаш почитувајте ги пријателите, со збор и дело.
Бидете личност со интегритет, исполнета со љубезност.
За да имате долгорочна корист, директна инструкција е во сегашниот момент да им бидете од корист на другите.

### 2.4.2. Заслуга од одржување на виртуозна личност

Ова се чистите стандарди за да се биде добар човек,
Вештините на сите буди од минатото, сегашноста и иднината,
Ова е и суштината на четирите дарми на привлечност[1],
Кои секој од вас, мои ученици, никогаш не треба да ги заборави!

1 Објаснети во коментарот подоле.

## 3. ЗАТВАРАЊЕ

### 3.1. Посвета

Им ја посветувам оваа доблест на сите чувствителни битија,
Нека ја надминат безднага на самсара.
Нека се радуваат од срце сите мои ученици
И нека се родат повторно во Западната Чиста Земја на крајно блаженство.

### 3.2. Колофон

*Во седумнаесеттиот циклус од Тибетанскиот календар и годината на огнениот стаорец [1996], учителот и учениците ги надминале сите надворешни, внатрешни и тајни пречки. На овој среќен ден, Нгаванг Лодро Цунгме[2] ја прослави победата пеејќи спонтано пред речиси пет илјади монаси. Садху!*

2 Ова е алтернативното име на Џигме Пунтсок Ринпоче.

# Коментар на
# *Песна на Победата*

**Од Кенпо Содаргје**

# Важноста на Текстот

Дарма активностите на Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче може да се поделат во шест главни фази. Секоја фаза е обележана со важно писмено упатство. Овие шест директни упатства се со следниов редослед: *Совети за Разденување*, *Капки од Моите Искрени Совети*, *Капки од Нектарот Совети*, *Песна на Победата*, *Учења од Четирите Возила* и *Учења за време на Магнетизирање на Сè што се Појавува и Постои*. Покрај овие текстови, постојат и учења дадени непосредно пред Неговата Светост да влезе во нирвана.

Овие текстови не се обични записи извлечени од повеќегодишно академско истражување, туку тие се суштината на мудроста на Неговата Светост стекната во текот на сите негови студии, размислувања и пракса. Неговата постигната реализација, неговата биографија и неговата значајна заслуга го докажаа како голем светец и просветлен мајстор во секој негов животен век, од времето на Буда Шакјамуни па сè до времето на Гуру Падмасамбава. За време на претходните животи има акумулирано

изобилство од добра карма, а во текот на сегашниот живот поминал повеќе од шеесет години фокусиран на студирање, размислување и практикување на учењата на Буда, кои ги започнал на петгодишна возраст и ги продолжил сè до доцните 60-ти години од неговиот живот.

Неговата Светост им го посвети својот живот на сите чувствителни битија и на Будизмот, а неговите зборови и учења, дестилирани од длабокиот бунар на мудроста, се особено скапоцени.

*Песна на Победата* е неверојатна ваџра доха[1] која ја испеа Неговата Светост пред пет илјади монаси, на 21 септември 1996 година, поволен ден за славење на победата кога Неговата Светост и неговите ученици ги прочистија сите надворешни, внатрешни и тајни пречки.

Мудрите, кога ќе ја проучат *Песна на Победата* ја сфаќаат нејзината трансцендентност. Во минатото, кога Неговата Светост нè подучуваше, ние не ја препознававме вредноста на учењата. Но, како одминуваше времето, размислувајќи постојано за Дарма, изложувајќи се на разни религиозни доктрини, сфативме дека Неговата Светост е несекојдневно човечко битие.

---

1 Види Роџер 1996.

Малкумина би можеле во еден животен век да ги совладаат сите осумдесет и четири илјади учења на Буда. Затоа, треба да ги цениме и да се обидеме да го сфатиме длабокото значење на овие прекрасни, директни инструкции засновани на праксата и реализацијата на Неговата Светост, а во кои се сумирани сите учења на Буда.

Теоретски гледано, практичарите на Дарма треба интензивно да ги проучуваат сутрите и тантрите, како што се *Петте Големи Махајански Трактати*[2]. Но, животот е краток и не можеме да знаеме уште колку ќе живееме. Само еден миг може да донесе многу промени и ништо не е сигурно. Затоа, студирањето на краток текст кој содржи директни упатства е од голема вредност за сите практичари; зошто во спротивно, нема да бидеме соодветно подготвени кога ќе дојде времето да го напуштиме овој свет.

Неговата Светост од сите свои ученици бараше пред секое предавање или студирање на Дарма да ја испеат *Песна на Победата* за да ги отстранат сите пречки кои можат да се појават во текот на наставата. Пеењето на овој текст пред секоја Дарма активност овозможува остварување на аспирациите на студентот и истиот е заштитен од пречки.

---

2 Види ги на http://kopanmonastery.com/about-kopan/monastic-education/the-five-great-treatises.

Дополнително, со читање на овој текст или со негово носење насекаде со нас сите пречки кои се појавуваат додека студираме или практикуваме Дарма ќе се трансформираат во поволни околности. Затоа, Неговата Светост бараше од своите ученици да ја научат напамет *Песна на Победата* и да го разберат нејзиното длабоко значење.

# Позадина на Текстот

Во септември 1995 година, Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче планираше да го посети Тајван, а потоа да замине за Непал за да престојува во пештерата на Падмасамбава за време на празникот на Буда Амитаба. Но, откако пристигна во Ченгду, се соочи со проблеми поврзани со обработката на неговото барањето за пасош. Во исто време, доживеа влошување на своето физичко здравје, а болницата во Ченгду не можеше да ја дијагностицира причината за неговата болест. Затоа, беше принуден да остане во Ченгду повеќе од пет месеци, живеејќи во состојба на самади и во целосна тишина, со исклучок на периодот за време на оброците.

Една ноќ, Неговата Светост сонуваше сон во кој му се јавиле Преподобниот Атиша, Преподобниот Дромтонпа,[3] Џамгон Мифам и Лама Лодро,[4]. Преподобниот Атиша тивко го фрлил својот нежен поглед полн со љубов кон Неговата Светост, а Преподобниот Дромтонпа рекол: „Дојдовме овде бидејќи Преподобниот Атиша е многу загрижен за

3 Еден од славните ученици на Атиша
4 Еден од главните учители на Џигме Пунтсок

вас. Овие огромни океански бранови ќе завршат на 10 март. Дали ги разбирате импликациите од тоа? (Со ова сакаше да каже дека Неговата Светост, во тоа време, целосно ќе закрепне од болеста.) Потоа, Преподобниот Атиша и Преподобниот Дромтонпа исчезнале.

Џамгон Мифам седел величествено, молејќи му се на Падмасамбава на крајно бесен начин, за да ги отфрли сите надворешни, внатрешни и тајни пречки и да ги победи различните видови на зла манифестирани од збунетост и диференцијација. Откако завршил, се претворил во блесок светлина и исчезнал.

Потоа, *Лама Лодро* милосрдно ги советувал: „Треба да живеете во блескавата состојба на Големото Совршенство, големата унија на изгледот и празнината. Од оваа длабока концентрација, треба да им користите на чувствителните битија со бодичита, разменувајќи ја сопствената среќа со туѓото страдање. Тогаш, сите неповолни услови ќе исчезнат во празнината“. Продолжил со подучувањето, а откако завршил, се растворил во светлина и исчезнал.

По овој сон, Неговата Светост почнал полека да закрепнува и, како што предвидел Преподобниот Дромтонпа, до 10 март целосно го повратил своето здравје. По враќањето

во *Ларунг Гар*, сите негови ученици му приредиле церемонијален пречек. Неговата Светост ја испеал *Песна на Победата* пред четирикратниот собир на студентите на универзитетот *Ларунг Гар*. Во тој момент, не можеше да се опише среќата на присутните. Неговата Светост, го именуваше Хан колецот како Победничка Земја на Покорувачката Мара, што укажува на големата победа која се случи.

# Отварање

Наслов

Оддавање почит

## 1.1. Наслов

**Песна на Победата: Прекрасниот звук на Небесниот Тапан**

### а. Значење на Насловот

Во насловот, *Победа* значи дека практичарите се способни да ги отфрлат сите надворешни, внатрешни и тајни пречки и да постигнат целосна победа со благослов на Гуру и Трите скапоцени камења. *Песна* значи спонтано компонирана доха од страна на просветлено битие со одредено ниво на реализација. *Небесен тапан* е огромен тапан кој, како резутат на големата заслуга на небесните битија, се појавува на триесет и третото небо.

*Песна на Победата* е опишана со метафората *Прекрасниот Звук на Небесниот Тапан* бидејќи неговиот природен звук вели: „Сите вие, небесни битија, не плашете се“. Кога небесните битија се бореа со асурите, со помош на прекрасниот звук на Небесниот Тапан, беа во можност да ги победат и да ја добијат битката. Оттука, насловот ја опишува аналогијата помеѓу *Песна на Победата* и *Прекрасниот Звук* на *Небесниот Тапан*. Текстот на песната ја содржи суштината на сите јани од Сутрајана и Тантрајана, како и на многуте длабоки инструкции од праксата на Неговата Светост.

### б. Четирите Главни Аспекти на Патот

Во *Трите Главни Аспекти на Патот*, Лама Цонгкапа говори за одрекување, бодичита и не-дуалната мудрост. Од друга страна, Неговата Светост целиот пат на просветлувањето го сумираше во четири главни аспекти, вклучувајќи го и дополнителниот аспект на доблестна, или виртуозна личност. Не-дуалната мудрост се објаснува и во Махајана и Ваџрајана учењата. Во *Песна на Победата*, не-дуалната мудрост е опишана од перспектива на Големото Совршенство, или Дзогчен, највисокото ниво на реализација во Ваџрајана, заснована на погледот на празнина во Махајана.

Големото Совршенство е најпосакуваното просветлување, цел на сите духовни практичари. Негов предуслов е бодичита. Шантидева, во *Патот на Бодисатва*, вели дека без бодичита не е возможно постигнување на просветлување, без разлика на квантитетот и квалитетот на заслугите кои некој ги поседува. Тогаш, како се генерира бодичита? Од умот на одрекување. Но, за да се генерира умот на одрекување потребно е да се биде доблестна личност. Редоследот на пракса е следен: да се стане добра и доблестна личност, да се поседува ум на одрекување кој ќе се откаже од секаква зависност од овој свет, да се има стремеж кон бодичита кој ќе ги води сите живи битија кон будност, и на крај, да се практикува Дзогчен за да се постигне целосно просветлување во текот на еден животен век. Ова се четирите главни аспекти на патот, сумирани во *Песна на Победата*.

## 1.2. Оддавање почит

**Олицетворение на мудроста на сите буди,**
**заштитници на сите чувствителни битија,**
**Преподобен Манџушри, кој се појавуваш како младо момче,**
**Остани засекогаш на прашниците на лотосовиот цвет со осум латици, во центарот на нашите срца,**
**Благослови нè, за нашите зборови да бидат од корист за сите чувствителни битија.**

### а. Искрена посветеност на Манџушри

Во овој стих, Неговата Светост, Џигме Пунтсок Ринпоче вели дека будите од сите светови и од сите десет правци се заштитници на сите чувствителни битија и дека нивната заедничка мудрост е отелотворена во Манџушри, кој се појавува како младо момче за да им биде од корист на сите чувствителни битија. Затоа, се молиме, нашите срца кои се во форма на лотос со осум латици, Манџушри да ги исполни со својата благословена сончева светлина и да остане засекогаш на прашниците од нашето срце. Понатаму, се молиме неговото сочувство да им даде моќ на нашите зборови за да бидат од корист на сите чувствителни битија.

Направена е аналогија помеѓу лотосот со осум латици и срцето, која во Ваџрајана има надворешни, внатрешни и тајни значења, и за која нема да дискутираме подетално тука.

Неговата Светост, Џигме Пунтсок Ринпоче го сметаше Манџушри за свое главно божество и по средбата со него на планината Вутаи,[5] пред секое составување на нов трактат му оддаваше длабока почит.

Во биографијата на Неговата Светост е наведено дека уште од самото раѓање, гласно ја запеал мантрата на Манџушри, *Ом Арапасана Дѝ*. На шестгодишна возраст, открил копија од *Лавовскиот Говор на Манџушри*, скриена во куп камења. Нејзиниот последниот стих говорел за еден деведесед и девет годишен човек од Индија кој по само еден ден вежбање постигнал просветлување во моментот кога Манџушри се појавил пред него. Кога го прочитал тоа, Неговата Светост помислил:

„Ако некој толку стар можел да се сретне со Манџушри по само еден ден вежбање, јас бидејќи вежбам од толку рана младост би требало без никаков проблем да постигнам просветлување".

---

5 Вутаи Шан е светото тело на Манџушри во централна Кина

Беше воодушевен и неколку дена вежбаше со целосна концентрација. Како резултат, доживеа многу знаци на достигнување и природно ги совлада сите свети списи и коментари на сутрите и тантрите.

Неговата Светост нагласуваше дека практичарите на Дарма треба често да се молат пред Манџушри и да ја пеат неговата мантра бидејќи моќта на неговите благослови е посилна од моќта на благословите на другите буди. Како обични битија, не можеме да одредиме кој е помоќен, благословот на Буда Шакјамуни или благословот на Бодисатва Манџушри но, можеме да донесеме разумен заклучок базиран на содржината на сутрите во кои е објаснето ова.

На површината, Манџушри се појавува само како бодисатва. Но, врз основа на текстот од сутрите, тој многу одамна ја достигнал Будноста и е олицетворение на збирната мудрост на сите буди и бодисатви од сите светови во сите десет правци и се смета за нивен татко. Тој водел бесконечен број на чувствителни битија до состојба на будност, мотивирајќи ги да постигнат бодичита. Оттука, незамислива е моќта на неговиот благослов.

Секој практикант, доколку поседува искрена верба во Манџушри, може да има корист од неговите благослови.

Еднаш, додека престојував на планината Вутаи, бев исполнет со силна надеж дека лично ќе го видам Манџушри. На крајот, иако не го видов, бев сосема сигурен дека го добив неговиот благослов кој ми овозможи да ги запомнам и рецитирам напамет текстовите од сите Дарма учења по само неколку читања.

Затоа, сè додека практикантот, независно од неговото ниво на вера, е благословен од Манџушри, сите свети списи и коментари со леснотија ќе се манифестираат во неговиот ум. Манџушри ќе му подари мудрост на секој оној кој постојано му се моли нему, а благословите од сите буди би се интегрирале и пренеле во континуумот на неговиот или нејзиниот ум.

## б. Големата Приказна за Манџушри[6]

Во времето кога Буда подучуваше Дарма на Врвот Вултур, во градот под самата планина живееше проститутка со име Чудесен Златен Зрак. Беше обдарена со неверојатна убавина и магична привлечност, а нејзиното тело блескаше со занемувачка златна аура. Царот, министрите и сите класи луѓе беа маѓепсани од неа. Иако беше проститутка од

6 Повеќе детали може да се најдат во Манџушри Викридита Сутра, преведена од санскрит на кинески во време на династијата Западен Џин од Дармаракса

ниска каста, каде и да одеше беше опкружена со огромна толпа луѓе.

Еден ден, таа го придружуваше до пазарот синот на еден бизнисмен. Испланирале да застанат во забавниот парк за да се позабавуваат на кратко. Манџушри, знаејќи дека проститутката е подготвена за просветлување, се претворил во убав млад човек. Неговото тело блескало со необична, заслепувачка светлина. Чудесниот Златен Зрак забележала дека светлината која зрачи од младоста го надминува сјајот на нејзините златни зраци и во моментот кога станала осветлена од светлината на Манџушри, нејзината светлина целосно исчезнала. Посакувајќи ја силно облеката на Манџушри, му свртела грб на синот на бизнисменот, се симнала од возилото со кое патувала обидувајќи се, со својата убавина, да го заведе младиот човек.

Во тој момент, Манџушри го овластил Ваисравана да ѝ каже: „Не смееш да му завидуваш на младиот човек, бидејќи тој е Бодисатва Манџушри, кој е збир на сета мудрост на сите Буди. Тој може да ги исполни сите твои желби. Што ти треба?" Чудесниот Златен Зрак рекла: „Ми треба неговата убава облека, ништо друго". Манџушри тогаш одговорил: „Ако влезеш низ вратата на боди, ќе ти ја

дадам мојата облека“. Бидејќи не разбрала што значи тоа, Манџушри почнал да ѝ дава детални упатства.

На Врвот Вултур, Шакјамуни Буда викнал „Браво!” пофалувајќи го учењето на Манџушри, кое било толку моќно што го протресло целиот космос на милијарда универзуми. Кога придружниците на Манџушри го запрашале Буда зошто го пофалил, Буда рекол: „Бодисатва Манџушри проповеда Будадарма со сочувство и мудрост за да просветли една проститутка. Отидете таму и слушнете“. Многу од учениците на Буда отишле да го слушнат учењето на Манџушри. Некои ја стекнаа чистината на окото на Дарма и ја видоа вистината јасно. Некои се здобија со целосно разбирање на вистината без раѓање; некои постигнаа нерегресивна реализација.

Десетици илјади чувствителни битија имаа корист откако ги слушнаа учењата на Манџушри. Чудесниот Златен Зрак, исто така, разви цврсто разбирање за теоријата дека ништо не поседува вистинско постоење. Таа навистина сакаше да го следи Манџушри и да го живее својот живот како будистичка калуѓерка. Но, Манџушри ѝ рече дека патот на одрекување не значи нужно бричење на главата, туку трудољубиво практикување на Будадарма и откажување од сопствениот интерес во корист на другите. Манџушри,

исто така, ја советуваше да се врати во возилото на синот на бизнисменот и да замине со него.

Кога Чудесниот Златен Зрак и синот на бизнисменот се вратија во забавниот парк, се соочија со непостојаноста на животот додека таа умираше во неговата прегратка. Отпрвин, тој беше многу тажен. Но, како што почна нејзиното тело да се распаѓа, течејќи крвава гној од очите, ушите, ноздрите и устата; испарувајќи непријатен мирис од кожата, синот на бизнисменот се исплаши и побегна трчајќи до Врвот на Мршојадецот за да побара заштита од Шакјамуни Буда. Шакјамуни Буда му даде Будадарма и тој постигна целосно разбирање за вистината без раѓање. Тогаш Буда предвиде: „Поради Овластувањето на Бодисатва Манџушри Чудесниот Златен Зрак генерира алтруистичка мотивација, поради која ќе достигне будност во својот иден животен век како човечко битие под името Скапоцена Светлина на Буда. Синот на бизнисменот во својот иден живот ќе стане Бодисатва, под името Доблестна Брилијатност и ќе дејствува во нејзино име.

Синот на бизнисменот бил збунет: „Зошто ученикот на Бодисатва Манџушри, Чудесниот Златен Зрак, да достигне Будност? А јас, како ученик на Буда, да станам само бодисатва? Не можеше да го разбере ова. Буда му кажа:

„Заслугите на Бодисатва Манџушри се незамисливи. Мојот првичен завет беше да развијам бодичита пред Манџушри, каков што беше и првиот завет на бесконечниот број буди од минатото; така ќе биде и со првиот завет на бесконечниот број буди од сегашноста, а истото ќе се случи и со првиот завет на бесконечниот број на буди во иднината“.

## в. Правилна Мотивација за Слушање на Настава

Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче не го состави овој текст заради оправување од тешката болест со која беше соочен, ниту од желба да се збогати и да ја постигне сопствената среќа. Напротив, тој се молеше за благослов од Манџушри со цел неговите зборови и учења да бидат од привремена или конечна корист на сите живи битија. На сличен начин, и ние треба да ја испитаме сопствената мотивација пред да слушаме Дарма учење. Некои луѓе доаѓаат на настава бидејќи го следат мнозинството, без некоја конкретна цел. Впрочем, целта на слушање на Дарма настава треба да биде во корист на многубројните чувствителни битија, а не само во корист на самите себе. Секој практичар треба соодветно да ја прилагоди својата сопствена мотивација пред наставата.

# Главен текст

Поттикнување за практикување на Ваџрајана

Поттикнување за будење на Умот на Бодичита

Поттикнување за будење на Умот на Откажување

Поттикнување за развивање на Доблестна Личност

## 2.1. Поттикнување за практикување на Ваџрајана

### 2.1.1. Заслуга од практикување на врвната Ваџрајана

**Големо Совршенство, длабоко и прозрачно,**
**Штом ги слушнеме твоите стихови, се кинат**
**корените на самсара,**
**и преку шестмесечно практикување на твојата**
**суштина, постигнуваме ослободување,**
**Нека сите го врежеме ова во нашите срца.**

### а. Наверојатната Заслуга на Дзогчен

Ненадминатиот Дзогчен, или Големото Совршенство кое ја прогласува блескавата суштина на татагатагарба, е тешко обичните луѓе целосно да го разберат, па затоа често е критикуван од оние со мала мудрост. Како и да е, човек со внимателно слушање на неговите стихови, може да ги елиминира основните причини за самсара. Студентите со голем капацитет, со внимателно практикување на неговата суштина во времетраење од шест месеци можат да постигнат целосно ослободување од самсара. Затоа, треба да се стремиме да го врежеме Дзогчен длабоко во нашите срца.

Дзогчен е суштината на сите сутри и тантри, а неговите заслуги се толку големи што не можат да се опишат со зборови. Луѓето постигнуваат ослободување од самсара преку слушање на неговите стихови, допирање на неговите текстови, нивно прицврстување на сопственото тело или преку разбирање на нивното значење. Според *Четиристотините Строфи на Средниот Пат* од Аријадева, дури и луѓето со сомнеж кон празнината сè уште можат да се ослободат од цикличното постоење на трите царства. Ова е уште поточно за оние кои ја научиле ненадминатата Ваџрајана.

Ако некој со голема вера и силно убедување практикува Дзогчен по вистинскиот редослед; прелиминарна, главна

и завршна пракса; за шест месеци таа личност може да постигне ослободување од самсара. Ваџра Пањара Тантра вели: „Ако некој вежба шест месеци со непоколеблива вера и убедување, ќе го постигне плодот на Ваџрадара“. Исто така, во *Тантричката Свечена Заклетва* е споменато дека, „Некој со одлучна вера и убедување, за шест месеци ќе го постигне плодот на Ваџрадара“. Истото е наведено и во *Четсун Нингтиг* и *Лонгчен Нингтиг*.

Оттука, Големото Совршенство е навистина трансцендентно. Џамгон Мифам во своите учења рекол: „Во ова дегенерирано доба, чувствителните битија се оптоварени со толку длабоки и тешки маки, кои не можат да се ублажат со другите методи на Дарма. Но, со практикување на Големото Совршенство човек ќе може целосно да ги отфрли сите свои маки“.

Бидејќи Дзогчен е толку извонреден, Неговата Светост нѐ советуваше никогаш да не го напуштиме или оцрниме. Доколку не можете да почувствувате искрена верба во него, подобро е да го оставите на мира или да ги искажете своите сомнежи пред автентични учители. Во секој случај, човек не смее, без соодветна причина, да има однапред замислени негативни идеи за Ваџрајана.

### б. Неверојатен Пример на Дзогчен Практикант

Лично бев сведок на неколку Дзогчен практиканти кои

го постигнаа реализирањето на Дзогчен и имаа поволни појави пред смртта. Бев особено импресиониран од Ханбиксуни, именуван како Минг Хуи. Подолу е нејзината приказна.

Минг Хуи имаше огромна вера во Ваџрајана. Додека се лекуваше од болест во Ханареа, дозна дека Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче ќе подучува Дзогчен во Ларунг Гар. Препознавајќи ја непостојаноста на животот и не знаејќи уште колку ќе живее, реши да се врати во Ларунг Гар за да го прими учењето. Неговата Светост 100 дена држеше предавања за *Наоѓањето на Удобност и Леснотијата во Природата на Умот* од Лонгченпа и таа, за време на целиот тој период студираше посветено.

На 1 септември 1993 година, по завршување на наставата, таа се врати во областа Хан за да го продолжи своето лекување. На 1 март 1994 година, нејзиниот домар и пријател по Дарма, Жен Рубиксуни ми се јави од манастирот Џинфенг, каде што живееја, и рече дека Минг Хуи починала и дека во моментот на нејзината смрт, седела достоинствено, молејќи се на гуруто од нејзината лоза и на Амитаба Буда. Кога нејзиното тело почнало да се намалува, се појавиле голем број на поволни знаци. Од последниот ден на нејзините студии во Ларунг Гар до денот на нејзината смрт, поминаа точно шест месеци, ни ден повеќе или помалку. Ова беше многу ретка појава.

Минг Хуи не беше интелектуално надарена но, нејзината вера беше многу силна. Предусловите за практикување на Големото Совршенство се првенствено големата вера и силното убедување. Практикантите со најсилна вера во својот гуру и Трите скапоцени камења, а особено во Ваџрајана, кои нема да ја напуштат својата вера дури ни на смртна постела, со сигурност ќе имаат големи достигнувања.

Неговата Светост постојано зборуваше:

„Во ова дегенерирано доба човек многу тешко се сретнува со Дзогчен, бидејќи е толку извонреден пат“.

Овие зборови мора цврсто да ги чуваме во нашите срца.

### в. Прелиминарна Пракса на Дзогчен

Во денешно време, голем број следбеници на Ваџрајана веруваат дека треба да се потпреме на првобитната чистина и сјај за ефикасно да ја откриеме вистинската природа на нашиот ум. Како обични практиканти, прво мора да започнеме со прелиминарна практика и потоа, откако ќе добиеме овластување од автентичен учител, да започнеме со главната практика.

Преподобниот Лонгченпа, Џамгон Мифам и Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче поставија посебни барања за практикување на Дзогчен. Клучно е да се придржуваме

до дадениот редослед на пракса, зошто во спротивно, тешко ќе постигнеме соодветна реализација. Исто како да се обидуваме да насликаме убави мотиви на ѕидови на зграда без стабилна основа. Ризикот е дека по некое време, зградата ќе се урне. Затоа, прво треба да изградиме стабилна и безбедна основа, а потоа да започнеме со сликање на ѕидовите на зградата. Само така нашето дело ќе биде трајно.

### 2.1.2. Услови за практикување на Ваџрајана

> **Оние кои се среќаваат со вакво врвно Учење**
> **како резултат на огромните заслуги, акумулирани**
> **за време на претходните животи,**
> **во текот на безбројните еони и**
> **кои ги имаат истите услови за постигнување на**
> **просветлување како и Буда Самантабадра,**
> **Дарма пријатели, нека сите се радуваме!**

### а. Исти Услови со Буда Самантабадра

„Врвно учење“се однесува на големото учење на Дзогчен, а „оние со големо богатство“се однесува на оние кои ја примиле иницијацијата или го слушале учењето за Големото Совршенство, или оние кои имаат слична поволна врска со Дзогчен. Неговата Светост велеше:

„Можноста да се сретне човек со Големото Совршенство е резултат на акумулирани заслуги во многу претходни животи. Да можеш да се сретнеш со такво големо учење е како споделување слична кармичка околност со Буда Самантабадра, пример кој е достоен за радост и задоволство".

Ние имавме среќа да ги запознаеме нашите гуруа, да ги примиме нивните учења за Ваџрајана и да примиме овластувања и директни упатства. Ваквите чудесни средби со Ваџрајана се резултат на добрата карма акумулирана во текот на многу претходни животи. Преподобниот Лонгченпа во *Ризницата на Врховното Возило* заклучи дека:

(а) Бидејќи се сретнавме со ненадминатата Ваџрајана во овој живот, мора во нашите минати животи да сме принеле дарови, да сме биле во присуство на бесконечен број Буди и да сме биле нивни следбеници или ученици.

(б) Бидејќи се сретнавме со ненадминатата Ваџрајана, дефинитивно ќе постигнеме реализација за време на бардото од сегашниот живот, или во текот на идниот живот.

Значи, според логиката на Будизмот, ако некој слуша и проучува Ваџрајана, мора да поседува трансцендентална

наклонетост кон ова учење. Всушност, ние споделуваме слична околност со Буда Самантабадра која ни овозможува да се сретнеме со Дзогчен во сегашниот животен век. Токму поради оваа трансцендентална тантричка Дарма, Самантабадра во дел од секундата достигна состојба на само-ослободување. Сите ние се сретнавме со ова врвно учење поради акумулацијата на добра карма за време на нашите претходни животи.

Како што вели *Праџна-парамита Сутра*, личноста која се изгубила и талка во шумата, штом види сточар ќе знае дека е во близина на некое село. Здогледувајќи го сточарот, исчезнува стравот дека ќе биде изгубен. Слично на тоа, штом наидеме на Ваџра Гуру кој ќе нѐ води на патеката Ваџрајана, знаеме дека наскоро ќе бидеме ослободени од самсара.

### б. Не ги прекршувајте заветите на Ваџрајана

Последиците ќе бидат многу сериозни за практикантите кои ја клеветат Ваџрајана или го предадат својот гуру и неговите учења. Заветите на Ваџрајана се многу ригорозни, и ако некој ги прекрши, ќе акумулира негативна карма која може да го одведе во пониските димензии. Ова се однесува не само на заветите на Ваџрајана, туку и на заветите на

бодисатва, па дури и на прописите за обичните будисти кои се исто така многу строги.

Ако денес се засолните во Трите скапоцени камења, а утре ги критикувате, дефинитивно ќе потонете во трите пониски царства. Затоа, Неговата Светост во сите свои учења велеше дека доколку не ги прекршуваме заветите во сегашниот живот, дури и да не практикуваме ревносно Ваџрајана, во следниот живот со сигурност ќе постигнеме реализација. Практичарите на Ваџрајана мора да бидат решени да ги држат заветите во овој живот.

## 2.2. Поттикнување да се разбуди умот на Бодичита

### 2.2.1. Причини за будење на Бодичита

**За доброто на сите чувствителни битија потопени во страшниот океан на самсара,**
**За да им помогнеме да ја достигнат вечната среќа и менталната состојба на Буда,**
**Треба да превземеме одговорност и да им бидеме од корист на другите,**
**отфрлајќи го отровот од приврзаноста кон сами себе.**

### а. Зошто Треба да Превземеме Одговорност за Алтруизам?

Мора да ја превземеме големата одговорност да им користиме на другите со тоа што ќе ја отфрлиме бескорисната и опасна приврзаност кон сопственото его и ќе им помогнеме да ја достигнат крајната среќа на будноста.

Општо земено, живите битија може да се класифицираат во две категории: просветлени битија кои веќе постигнале привремен или конечен мир и среќа (архати, пратиекабуди,

бодисатви и буди кои постигнале совршени заслуги и мудрост) и заблудени или неуки битија, кои никогаш не го вкусиле мирот и среќата стекнати преку просветлување, и кои поради негативната карма се валкаат во самсара и се изложени на опасни околности.

Самсара значи талкање или продолжување без прекин. Во самсара постојат шест царства на битија: богови, асури, човечки суштества, животни, гладни духови и пеколни суштества. Сите овие суштества талкаат во шесте царства. Некои од нив би можеле да бидат подигнати во трите повисоки димензии каде што страдањето не е безмилосно. Тие кои поседуваат голема негативна карма би можеле да бидат веднаш повлечени во бездната на трите пониски царства. Како што е кажано во *Воведот во Средниот Пат* од Чандракирти:

> *На почеток, битијата мислат „јас“ и се држат до себе;*
> *Тие мислат на „моето“и се врзуваат за нештата.*
> *Така беспомошно се вртат како кофи на водено тркало,*
> *Се поклонувам со сочувство кон таквите битија!*

Врз основа на автентичните учења и личните перцепции на просветлените буди и бодисатви, јасно научивме дека сите заблудени битија претходно биле наши родители и

сега страдаат. Додека нѝ беа родители, толку внимателно се грижеа за нас што сме сега тесно поврзани едни со други. И покрај тоа што сега не нѐ препознаваат, каква и да нѝ е совеста, ние никогаш не би им го свртеле грбот оставајќи ги сами да си го бараат својот мир и среќа, туку би се стремеле да им пружиме што е можно повеќе мир и среќа. Со еден збор, би се стремеле да ги ослободиме засекогаш од страшниот океан на самсара и би ги воделе на патеката кон врвното просветлување.

Сега ние треба да ја превземеме одговорноста да им помогнеме да стекнат привремена среќа, обезбедувајќи им добра храна и облека, а во исто време, да ги водиме на патот кон постигнување на крајната среќа преку реализација на состојбата на умот на архатите, бодисатвите и будите. Мораме, колку што е можно повеќе, да се ослободиме од отровот на себичноста за да ги избегнеме сериозните последици од неа. Во *Патот на Бодисатва* од Шантидева, е наведено дека:

> *Ако за да си удоволам себе си повредувам други,*
> *Подоцна, ќе страдам во кралството на пеколот.*
> *Ако за добро на другите си наштетам себе си,*
> *Сета извонредност ќе биде мое наследство.*

## б. Отфрлете ја Привзаноста кон Себе, Слична на Отров

Додека во целосна тишина Ра Лоцава[7] медитирал на своето божество, сфатил дека цел живот сака да биде во вакво осамено одморалиште. Но, еден ден неговото божество му рекло: „Можеш да излезеш за да им користиш на живите битија. Заслугите од тоа, дури и на кратко, ќе бидат многу поголеми од тие кои ќе ги стекнеш со посветена медитација на твоето божество во тивка изолација во текот на милијарди еони. „ Оттука, заслугите од алтруистичкиот начин на живот и помагањето на другите се далеку поголеми од само-бендисаното покајание дури и за време на бескрајни години.

Понатаму, во *Патот на Бодисатва* од Шантидева се вели:

> *Сета радост во овој свет*
> *Доаѓа посакувајќи им среќа на другите.*
> *Сета беда во овој свет*
> *Доаѓа задоволувајќи се самиот себе.*

Затоа, не смееме да дозволиме, во текот на нашата пракса, да се оддалечиме од стекнатата бодичита. Патрул Ринпоче, исто така, рекол: „Ако го практикувате ненадминатото

7 Видете го Cuevas 2015.

Големо Совршенство без премисата на бодичита, тоа ќе стане практика на Хинајана или Тиртика“.

Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче рекол дека себичноста е како отров, одлична метафора за која често треба да размислуваме. Луѓето со силно чувство на себичност на крајот ќе пропаднат, без разлика каде се наоѓаат. Повеќето од нашите расправии, маки и кавги се производ на себичност, која не би се појавила ако станеме несебични. Затоа, за да станеме вистински бодисатви, треба да се стремиме кон оваа цел.

Со еден збор, не треба да обрнуваме многу внимание на тоа што го кажуваат луѓето, туку, сè додека сме живи и способни, треба да правиме сè што е во наша можност да им бидеме од корист на другите. За нас треба да е сеедно дали другите, тие на кои им помагаме, се свесни или не што правиме ние за нив. Треба да нѝ е сосема во ред и во двата случаи.

Иако луѓето во нашиот живот можеби нема никогаш да дознаат за дел од работите кои сме ги направиле, сите буди и бодисатви, како и нашите гуруа јасно ќе знаат за нив. Законот за причина и последица преовладува секогаш. Затоа, доколку им помагаме на другите мотивирани

од нашиот углед и слава, тоа дело нема да има никаква вредност. Наместо да бидеме опседнати со секакви материјални грижи, треба само да одлучиме на најдобар можен начин да им користиме на другите.

### 2.2.2. Заслуги од будење на Бодичита

**Ова учење ја блокира портата кон долните димензии,**
**Овозможува да се постигне среќата на повисоките димензии,**
**И конечно, нè доведува до целосно ослободување од самсара.**
**Затоа, треба да го практикуваме ова суштинско учење без воопшто да бидеме расеани.**

### а. Заслугата од Бодичита

Заслугите од разбудување на бодичита вклучуваат: блокирање на портата кон пониските царства, овозможуваат да постигнеме релативен привремен мир и среќа во повисоките царства на луѓето и богови, и на крајот, ни овозможуваат да постигнеме ослободување од самсара. Разбирајќи го ова, секој практичар на Дарма треба да се фокусира на практикување на ова суштинско учење.

Заслугите од бодичита, бодичита намерата или бодичита делото, се немерливи и безгранични. Ова е детално обработено во *Збирката на Обуки*, *Патот на Бодисатва* и многуте други Махајана сутри. Едноставно кажано, заслугите на бодичита може да се манифестираат на два начина:

(а) Ако некој разбуди оригинална бодичита, во неговиот умствен континуум ќе се елиминира сета акумулирана негативна карма и како резултат на тоа, ќе се блокираат вратите кон пониските димензии. Шантидева рекол:

> *Исто како пожарот на крајот од времето,*
> *Бодичита ги прочистува големите гревови,*
> *И неговите придобивки се неограничени.*
> *Му објасни Мудриот и Љубезен Господ на Судана.*

Големите гревови се однесуваат на големата негативна карма која тешко се прочистува, како што е кармата акумулирана преку петте злосторства од итна одмазда,[8] или преку критикување на Дарма. Но, сите тие можат да бидат елиминирани во моментот кога бодичита ќе се појави во нечиј ум, како огнот кој го гори целиот свет на крајот од

---

8 Види Лопез и Басвел 2016: 40–1.

времето. Ако се исчисти нечија негативна карма, тоа битие нема да има шанси да падне во пониските димензии.

Неговата Светост постојано велеше дека човек со бодичита не може да падне во пониските димензии. Затоа, треба да се потрудиме да генерираме бодичита пред да умреме и да се погрижиме нашата бодичита да не згасне откако ќе се појави. На овој начин, ќе избегнеме повторно раѓање во пониските димензии.

(б) Со бодичита, доблесните корени на личноста стануваат сè посилни. Следствено, може да стекне заслуга за повторно раѓање како човечко битие или како бог, за да го ужива сиот временски мир и среќа во повисоките царства. Понатаму, може да ги усоврши сите заслуги на петте патеки и десетте буми, и да постигне краен и ненадминлив плод на будноста.

Затоа, придобивките од бодичита за живите суштества се навистина огромни. Шантидева исто така рекол:

*Провев кој ја отстранува болката,*
*Ова е причина за радост за оние кои талкаат низ светот -*
*скапоцен став, ова е скапоцениот камен на умот,*
*Како ќе се мери или квалификува?*

### б. Заклучокот на сите Буди

Тоа е заклучокот кој, по долготрајни медитативни контемплации, во текот на бројни еони, го донесоа будите со нивната врвна мудрост. Научниците го посветуваат целото свое време во тек на долг временски период на своите научни истражувања за да откријат нешто за кое веруваат дека ќе биде од голема корист за целото човештво. Слично на тоа, Буда открил дека бодичита ќе им донесе најголема корист на сите живи битија. По повеќекратните набљудувања во текот на долг временски период, беше откриено дека безброј живи битија можат лесно да го постигнат врховниот плод на будноста со будење на бодичита во нивните умови. Затоа, Шантидева рекол:

*Моќните буди длабоко размислувајќи*
*за време на многуте векови,*
*виделе дека ова, и само ова,*
*ќе го спаси безграничното мноштво,*
*и лесно ќе го доведе до врвна радост.*

Оттука, Неговата Светост ги охрабруваше сите негови ученици да негуваат бодичита и да го практикуваат ова суштинско учење без да дозволат вниманието да им биде одвлечено од случувањата во светот. Ние како практиканти

на Дарма не смее да дозволиме нашиот ум да биде искушуван од осумте светски грижи, ниту да го изгубиме вистинскиот правец. Мораме искрено да ја практикуваме директната инструкција за бодичита, бидејќи таа, од сите останати практики, е најважниот и најскапоцениот метод.

## 2.3. Поттикнување да се разбуди Умот на Откажување

### 2.3.1. Заслуга од почитување на правилата

**Да не ни помислувате да посакате желба**
**при сите видови големи настани во самсара,**
**Да ги почитувате чистите заповеди, величествениот украс на светот,**
**На кои луѓето и боговите им принесуваат врвни дарови.**

#### а. Вистински Ум на Откажување

За да постигнеме конечно ослободување од самсара во нашиот ум не треба да се роди ни најмала желба кон сјајот и богатството на овој обичен свет. Наместо тоа, треба совесно да ги почитуваме чистите заповеди, кон кои луѓето и боговите ги принесуваат своите трансцендентни дарови.

За да се ослободат практикантите на Дарма од реинкарнација и да постигнат конечно ослободување од самсара, за нив треба да биде тотално бесмислено трчањето по слава, моќ, висок социјален статус и сензуални задоволства. Не треба да пробудат никаква желба за сето тоа во самите себе. Ако гледаат искрено на луксузните

автомобили и куќи како да се само предмети во сон, илузии или меурчиња и навистина чувствуваат дека трите царства не се ништо друго освен опожарена куќа без никакво моментално блажество, тие разбудиле вистински ум на одрекување.

На почеток, ние луѓето сме исти како Нанда (полубратот на Буда) и имаме потешкотии целосно да ги напуштиме копнежите и приврзаноста кон овој живот. Но, ако истраеме во проучувањето на Будистичките учења, на крајот ќе станеме свесни за несигурноста на самсара и дополнително ќе генерираме одрекување во нашиот ум.

Па, како да се разбуди вистински ум на одрекување? Нема подобар пристап од медитација на четирите мисли кои го одвраќаат умот од самсара:

(а) скапоценоста да се биде роден како човечко битие;
(б) непостојаноста на животот;
(в) недостатоците на самсара; и
(г) непогрешливоста на законот за причина и последица.

Откако ќе ги завршиме овие четири вообичаени прелиминарни практики, вистинското одрекување сигурно ќе се појави во континуумот на нашиот ум. Во тоа време, ние постојано ќе копнееме за ослободување од самсара,

исто како затвореник кој очајно сака да биде ослободен од затвор. Лама Цонгкапа во неговите *Три главни аспекти на патеката*, вели:

> *Тешко е да се најдат слободата и даровите*
> *А животот нема време за губење.*
> *Запознавајќи се со ова,*
> *Појавите од овој живот ја губат својата привлечност.*
> *Размислувајќи повторно и повторно*
> *Тие постапки и нивните ефекти се непогрешливи,*
> *И постојано размислувајќи за бедите на цикличното постоење, појавите од идните животи ја губат својата привлечност.*
> *Кога, тренирајќи на овој начин, ниту за секунда,*
> *нема да се појави привлечност кон задоволствата на цикличното постоење,*
> *Кога дење и ноќе се појавува намера за барање на ослободување*
> *– Тогаш мислата за одрекување е веќе генерирана.*

## б. Величественот Украс во Светот

Откако ќе генерираме одрекување, мора да ги примиме и да ги држиме чистите заповеди, највеличествениот украс во овој светот на кој луѓето и боговите им принесуваат дарови. Прописите се темел на сите доблестни квалитети. Ова, во

*Сутрата за Индивидуалното Ослободување* е дефинирано како „мост кон добрите судбини“. Не е соодветно монашките будисти да се китат со накит. Но, практичарот обдарен со неизвалкани прописи, поседува најдостоинствен украс, и достоен е за поклонување, обожување и дарување од страна на луѓето и боговите.

Сите чувствителни битија имаат различни капацитети за примање на заповеди. Оние со посилен ум за одрекување, можат да примат хиротонија и да ги почитуваат прописите на почетниците, како и прописите на биксу или биксуни. Но, ако околностите не дозволуваат некој да го напушти домот и да се приклучи кон монашката заедница, треба барем да се придржува кон еден од петте заповеди за обичните практичари или да прими завет за засолниште воден од умот на одрекување. За практичарот кој не почитува ниту едно од овие правила е речиси невозможно да акумулира каква било заслуга. Во *Писмото на Нагарџуна до Пријател*, се вели:

> *Чувајте ги вашите завети непрекинати, неоштетени,*
> *нерасипани и сосема без дамки.*
> *Исто како што е земјата основа за сè што е мирно или се движи, така дисциплината е основа за сè што е добро.*

Земјата е основа за сè на оваа планета. Слично на тоа, сите заслуги се раѓаат врз основа на прописи. Ако некој не прими и не одржи некаков завет, ќе биде тешко тој човек повторно да се роди како човек или небесно битие, а да не зборуваме за постигнување на крајното ослободување. Затоа во *Триесет и Седумте Практики на Бодисатва*, Тогме Зангпо вели:

*Ако, во недостаток на дисциплина, некој не може да го*
*достигне своето сопствено добро, смешно е да размислува*
*дека ќе им донесе добро на другите.*
*Затоа, да се почитува дисциплината*
*без самсарски цели е пракса на бодисатва.*

### 2.3.2. Вина од кршење на правилата

**Бидејќи сета привремена и крајна среќа**
**е резултат на почитување на чистите заповеди,**
**а кршењето на правилата доведува до раѓање во долните димензии,**
**Вие мора да го направите вистинскиот избор и да не паднете во конфузија.**

Сите привремени придобивки од повторното раѓање во царството на луѓето и боговите, како и крајната среќа од просветлувањето и ослободувањето, се резултат на

почитувањето на чистите заповеди. Ако некој ги прекрши заветите и не се покае искрено, тој дефинитивно ќе падне во едно од трите пониски царства. Затоа, клучно е практичарот правилно да се однесува за да избегне да западне во конфузија.

Во *Сутрата за Индивидуалното Ослободување* е наведено дека единствената дестинација за оние кои ги кршат заповедите се трите пониски царства на пеколни суштества, гладни духови и животните. Соодветно на тоа, во *Кондензираната Праџна Парамита Сутра*, се вели: „Оние кои ги кршат нивните заповеди не можат ни самите да си помогнат, а камоли да им бидат од корист на другите“.

Да се почитуваат чистите прописи е сè потешко во ова дегенерирано време. Во оваа високо комерцијализирана информациска ера за монасите е особено тешко да ги следат неконтаминираните прописи. Телевизорите, лаптопите и мобилните телефони обезбедуваат постојана сензорна стимулација и постојано искушение. Како резултат на тоа, многу луѓе немаат вистинско одрекување во нивните умови, а многу малку можат да останат на оддалечени и осамени места и да се фокусираат само на својата Дарма практика како што тоа го правеле практичарите во дамнешните времиња.

Затоа, ако некој постигнал одредено ниво на одрекување и генерирал искрена желба да постигне просветлување, сосема е неопходно да го земе тројниот завет за засолнување и да ги запази петте заповеди. Во случај да прекрши некој од овие завети, треба повторно да го прими од квалификуван учител.

Како што цвеќињата, тревата и дрвјата растат само на плодна почва, така и заслугите растат и напредуваат врз плодната почва на почитувањето на прописите. Во еден од текстовите на Лама Цонгкапа, „*Главниот Пат до Просветлувањето*", се потенцира учењето од сутрите, во кои се вели дека заслугата од еднодневното почитување на прописите за време на дегенерираното доба ја надминува заслугата од принесувањето дарови на будите и бодисатвите во текот на илјадници милиони еони. Затоа, во ова дегенерирано доба не смееме да се збуниме и да ја промашиме нашата цел. Треба да бидеме крајно внимателни и при секој наш избор да ги прифатиме причините и условите кои ќе нѝ помогнат да ги заштитиме нашите заповеди, а да ги отфрлиме неповолните услови кои ќе нѐ наведат истите да ги прекршиме. Ова треба да биде целта кон која ќе се стремиме сите!

## 2.4. Поттикнување за развој на виртуозна личност

### 2.4.1. Причини за развој на виртуозна личност

**Секогаш почитувајте ги пријателите, со збор и дело. Бидете личност со интегритет, исполнета со љубезност.**
**За да имате долгорочна корист, директна инструкција е во сегашниот момент да им бидете од корист на другите.**

### а. Важноста на Доблестните Личности

Доблестната личноста е љубезна и се однесува со интегритет, со почит кон членовите на своето семејство и пријателите. Доколку сакаме да имаме долгорочна корист, тогаш, во сегашниот момент треба да бидеме од корист за другите.

Дарма праксата бара доблестна личност. Ова е основниот совет на Неговата Светост во кој е сумирано сето негово учење. Неговата Светост побара секој студент во Ларунг Гар да ги почитува следниве три правила:

(а) да негува доблестна личност;

(б) да ги одржуваат чистите прописи;

(в) да слуша, размислува и медитира за учењата на Дарма.

Без разлика дали некој студира Махајана или Ваџрајана, императив е да поседува доблестна личност; во спротивно, невозможно е да постигне било каков напредок во својата Дарма пракса. Џамгон Мифам, во *Зборовите за Светските и Прекусветските Кодови*, вели дека:

> *Светските правила се основата на Будадарма,*
> *Ако некој не постапува благородно во светот,*
> *никогаш нема да го сфати врховниот принцип на Будадарма,*
> *а да не зборуваме за постигнување на просветлување.*

## б. Што се Доблестни Личности?

Во овој стих Неговата Светост ги идентификувал стандардите за доблестна личност и очекувал неговите студенти секогаш да се сеќаваат на нив.

„*Секогаш почитувајте ги пријателите со збор и дело*“. Секогаш мора смирено да се согласуваме со членовите на семејството и пријателите без разлика на нивната возраст и статус. Од световна перспектива, личноста со добри карактеристики ги почитува тие со повисок статус, е сочувствителна кон

помалку привилегираните и е во хармонија со тие кои се на ист статус.

Во Тибет, постои метафора: „Кога сто јакови се качуваат по угорница, Габа (инфериорниот тип на јак) трча надолу". Ова е многу живописна илустрација. Човек со негативна личност, при комуникација секогаш влегува во судир со другите. Луѓето чувствуваат олеснување кога ваков човек ја напушта групата. Тоа е како да се отстрани перде од окото; неговото заминување е причина за славење.

Како што велел Буда, „Ќе бидам во слога со луѓето од овој свет". Ако Буда се однесувал на овој начин, ние обичните човечки битија сигурно мора да го сториме истото. Се разбира, слогата не значи да се биде без принципи. Слогата не значи дека некој треба да се согласи со туѓата алчност или омраза. Ние се придржуваме до делата кои се рационални и во согласност со Дарма и на тој начин хармонично се согласуваме со сите.

„*Бидете личност со интегритет*". Независно што кажуваме и правиме, мора да сме фер, чесни и непристрасни. Мора да бидеме ослободени од себичност и аверзија кон другите. Дополнително, никогаш не смееме да се ставаме себе си во доминантна позиција, ниту неправедно да ги осудуваме

работите. Мора да се придржуваме до вистината и да бидеме непристрасни. Оттука, императив е да се биде личност со интегритет. Тогаш, без разлика колку сме биле погрешно разбрани или оцрнети, никогаш нема вистински да бидеме повредени. Нашата љубезна и чесна природа ќе свети како чисто злато и нема да биде извалкана од пречки или темнина.

„*Со љубезност*“, ако некој изгледа дека има интегритет и се чини дека е подготвен да се согласува со другите луѓе, но има злобен ум, тогаш моралниот квалитет на оваа личност е сомнителен. Умот е коренот на сè. Лама Цонгкапа рекол:

> *Ако намерата е добра, нивоата и патеките се добри.*
> *Ако намерата е лоша, нивоата и патеките се лоши.*
> *Бидејќи сè зависи од намерите,*
> *внимавајте тие секогаш да бидат позитивни.*

Ако некој е љубезен, сè ќе биде светло; но ако некој не го корегира сопствениот ум, тогаш се движи кон темнината.

Овие три принципи се од големо значење за да се биде пристоен човек. Неговата Светост велеше дека ако сакаме да имаме долгорочна корист, од клучно значење е во секој сегашен миг да бидеме од корист за другите. Како обични човечки битија, невозможно е да не размислуваме за

сопствената благосостојба, но ако им наштетиме на оние околу нас во процесот на остварување на сопствените цели, нема да напредуваме. Можеби изгледа дека помагањето на другите заради наша сопствена корист е вид на себичност. Немајте вакви мисли. Ако навистина не можете да генерирате вистински алтруистички ум, треба барем да се обидете да бидете љубезни со другите луѓе за ваша корист и опстанок.

Еднаш, на шега, Неговата Светост рече: „После толку години живот, забележав дека повеќето луѓе имаат многу мала световна мудрост, себично се обидуваат да извлечат корист за сами себе, иако тоа не е добра стратегија. На пример, кога човек е заљубен во некого се обидува на секој можен начин да ја поседува другата страна, ограничувајќи ја неговата или нејзината слобода. Резултатот е често контрапродуктивен. Малкумина имаат поинаков пристап, сѐсрдно ја поддржуваат и помагаат личноста која ја сакаат. Со тоа, поголема е веројатноста да бидат прифатени од предметот на нивната наклонетост. Кога студираме Будадарма, ако не сфатиме колку е важна доблестната личност и не се обидеме да негуваме добри карактеристики, нема да можеме да достигнеме каква било состојба на просветлување во нашата пракса“.

### 2.4.2. Заслуга од одржување на виртуозна личност

> **Ова се чистите стандарди за да се биде добар човек,**
> **Вештините на сите буди од минатото, сегашноста и иднината,**
> **Ова е и суштината на четирите дарми на привлечност,**
> **Кои секој од вас, мои ученици, никогаш не треба да ги заборави!**

### а. Заслуга од одржување на виртуозна личност

Од материјална и чисто етичка перспектива, поседувањето на доблестна личност е синоним за добар човек. Од перспективата на просветлување, тоа е најефективното средство за постигнување будност кое го практикувале сите буди од минатото, сегашноста и иднината. Тоа е, исто така, и суштината на четирите дарми на привлечност кои ги следат бодисатвите. Треба да го имате ова на ум и никогаш да не го заборавите.

Доблестните личности се „чист стандард за добар човек“, основните принципи кои управуваат со животот на пристојното човечко битие. За време на најдобриот Будистички период од историјата на Тибет, императорот Сонгтсен Гампо ги поставил *Шеснаесетте Насоки* за да се

биде добар човек,[9] кои вклучувале развој на посветеност кон Трите Скапоцени Камења; барање и практикување на светата Дарма; возвраќање на добрината на своите родители; искреност, поседување на мала љубомора итн.

Не само што доблестната личност е основа во животот, туку уште поважно, таа е водич за просветлен живот. Всушност, таа е „највештиот начин“ со кој сите буди од минатото, сегашноста и иднината постигнале будност. Секој од овие буди пред просветлувањето биле добри луѓе и со сигурност може да кажеме дека просветлените мајстори се исклучително привлечни во однос на нивната лична харизма. Лично, учев од многу големи духовни учители, а привлечноста на нивните зборови и дела ја надминуваше фантазијата на обичниот човек. Овие големи учители, како резултат на нивните доблестни личности, достигнаа единствена состојба надвор од материјалниот свет.

Доблестните личности се исто така „суштината на четирите дарми на привлечност“, која вклучува:

(а) давање на тоа кое им се допаѓа на другите, со цел да ги наведеме да ја сакаат и да ја примаат вистината;

9 Овие шеснаесет упатства се нарекуваат човечки вредности (*mi chos*), за разлика од Будистичката етика со нејзиниот код од десет доблести (*dge bcu*).

(б) зборување со нежни зборови, со иста цел;

(в) помагање на другите, со истата цел;

(г) соработка и прилагодување кон другите, за да ги доведеме до вистината.

Ова се четирите главни методи на бодисатвите во корист на чувствителните битија, и сите тие се изградени врз поседувањето на доблестна личност. Имајќи доблестна личност, човек е подготвен да дава, да зборува пријатни зборови, да им користи на другите, да соработува со другите и да се приспособува кон другите за да ги води кон просветлување.

## б. Совет од Срцето на Неговата Светост

Поради горенаведените причини, Неговата Светост го понуди овој совет од срце: „Студентите кои имаат верба во мене, мора да запаметат секогаш да бидат доблестна личност, сега и во иднина. Ако не можете да бидете добра личност, сиот ваш друг труд ќе биде како садење на дрвја без корен. Тие никогаш нема да пораснат и процветаат“.

Во минатото, ценетите Кадампа мајстори прво ја набљудувале личноста на студентот пред да го примат како свој ученик. Ако ученикот не бил пристојна личност, мајсторите не го прифаќале како свој ученик ниту му ја

пренесувале својата Дарма лоза. Од друга страна, ако студентот бил добар човек, но помалку учен, мајсторите го прифаќале и очекувале тој или таа да биде добар ученик. Критичниот елемент е виртуозната личност, а не интелигенцијата. Добриот човек не е нужно оној со гламурозен изглед, убав глас и елегантни манири; тој или таа мора да бидат љубезни.

Не е невообичаено луѓето да имаат различни мислења за ситни прашања. Дури и некои биксу или биксуни во сангата на Буда имале ваков вид проблем. Но, генерално, без разлика кое училиште се следи, Махајана или Ваџрајана, сангата треба да остане како пријатна заедница и да има хармонична и кохезивна атмосфера. Ова исто така е манифестација на доблестна личност.

Накратко, Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче се осврна на четирите главни инструкции во овој текст, кои се неподелена мудрост во контекст на учењата на Махајана и Ваџрајана, бодичита, одрекување и доблестна личност. Овие четири главни инструкции се суштината на сите 84.000 Дарма учења, сумирани во неговите теоретски проучувања и лична реализација. Секој од нас мора цврсто да ги има во умот.

# Затварање

Посвета

Колофон

## 3.1. Посвета

**Им ја посветувам оваа доблест на сите чувствителни битија,**
**Нека ја надминат безднатa на самсара.**
**Нека се радуваат од срце сите мои ученици**
**И нека се родат повторно во Западната Чиста Земја на крајно блаженство.**

Заслугите и доблесните корени од составувањето на оваа песна се пренесени на сите чувствителни битија за да им помогнат да ја надминат ужасната бездна на шесте димензии на самсара. Суштината на 84.000 Дарма методи е сумирана во четирите директни инструкции наведени погоре. Нека се издигне големо блаженство во срцата и

умовите на оние со вера во Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче и во Будизмот. Нека сите чувствителни битија, со поволен афинитет, повторно се родат во Западната Чиста Земја, нека постигнат врвен мир и среќа, и нека во иднина им помогнат на безброј чувствителни битија.

## 3.2. Колофон

> ***Во седумнаесеттиот циклус од Тибетанскиот календар и годината на огнениот стаорец [1996], учителот и учениците ги надминале сите надворешни, внатрешни и тајни пречки. На овој среќен ден, Нгаванг Лодро Цунгме ја прослави победата пеејќи спонтано пред речиси пет илјади монаси. Садху!***

Еден циклус од Тибетанскиот календар има шеесет години. Хронолошкиот запис за историјата на Тибет започнува во 1027 година. Годината кога Неговата Светост ја состави *Песна на Победата* беше во седумнаесеттиот циклус од Тибетанскиот календар, во годината на огнениот стаорец, на 21 септември 1996 година. Како што споменавме претходно, тоа беше кога Неговата Светост се врати во манастирот откако ги надмина сите надворешни, внатрешни и тантрички пречки и имаше радосно повторно обединување со сите ученици. Манастирот за оваа посебна пригода организираше Забавен Ваџра Дарма Собир на кој беше изведена целата приказна за болеста и закрепнувањето на Неговата Светост, заедно со дохата првично испеана од страна на Преподобниот Дромтонпа и Џамгон Мифам како благослов за Неговата Светост.

Нгаванг Лодро Цунгмеј е Дарма името на Неговата Светост. Тој ја испеа *Песна на Победата* опкружен со речиси пет илјади монаси, Саду! Саду!



Само за Некомерцијална Употреба